Архивски број: 0801-173/5

Датум: 17.09.2021 година

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација постапувајќи по претставката со архивски број 0801-173/1 од 16.07.2021 поднесена од Иницијатива на [redacted] од [redacted] во име на [redacted], против Др. [redacted] вработен во ЈЗУ СБ по гинекологија и акушерство "Мајка Тереза", Чаир, врз основа на член 27 и член 47 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на РСМ број 258/2020 од 30.10.2020), на 16.09.2021 го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

***Не се утврдува дискриминација од страна на Др.*** [redacted] **вработен во ЈЗУ СБ по гинекологија и акушерство "Мајка Тереза", Чаир** ***кон*** [redacted]***, врз основ на раса, боја на кожа, национална и етничка припадност во областа на пристап до добра и услуги.***

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка бр. 0801-173/1 од 16.07.20121 од страна на Иницијатива на [redacted] од [redacted] во име на [redacted], против, против Др. [redacted] вработен во ЈЗУ СБ по гинекологија и акушерство "Мајка Тереза", Чаир.

Во претставката подносителот наведува дека на [redacted] која била во осмиот месец од бременоста, поради тоа што чувствувала мачнини во желудникот и малаксаност се обратила на ургентно во ЦГАБ "Мајка Тереза"-Чаир. Кога пристигнала веќе чекале две пациентки кои имале породилни болки. Во меѓувреме дошле уште две пациентки кои не биле Ромки и не биле бремени. Специјалистот прво ги примил пациентките со породилни болки. [redacted] очекувала таа да е следна, но специјалистот ја повикал другата пациентка која дошла по неа и не била бремена за да и закаже термин за оперативен зафат а потоа ја повикал и следната пациентка. По два часа чекање, лекарот ја повикал [redacted] и и рекол да почека бидејќи имал уште една пациентка за преглед. По дваесет минути докторот се вратил, а [redacted] изреволтирана од односот му рекла дека не е воопшто коректно што не ја прегледал навремено. Докторот се налутил и и упатил навредливи зборови и одбил да ја прегледа со тоа што и рекол да почека друг специјалист за да ја прегледа. Откако [redacted] била прегледана од друг доктор специјалист, и откако завршил прегледот дошол истиот доктор за да го потпише извештајот од прегледот. Покрај претставката, подносителот во прилог приложи и Изјава од [redacted] која што не е потпишана од истата.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација сметаше дека наводите од претставката и приложените докази го прават тврдењето на подносителот веројатно и дека товарот на докажување треба да премине на потенцијалниот дискриминатор. На 16.08.2021 Комисијата согласно чл. 24, ст. 7 и чл. 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација достави Известување со барање за произнесување по наводите од претставката до ЈЗУ СБ по гинекологија и акушерство "Мајка Тереза", Чаир заверено со архивски број 0801-

173/3. Бидејќи со претставката во прилог од страна на Иницијатива на [redacted] од [redacted] беше доставена и непотпишана Изјава од [redacted] во кој што е наведен цел настан, Комисијата согласно член 24 став 2 од ЗСЗД, на 04.08.2021 година до подносителот достави Барање за доуредување на претставка заверено со архивски број 0801-173/2 од 04.08.2021. Во барањето беше побарано Изјавата да се потпише или да се достави полномоштво од [redacted] и да се достави до Комисијата, но од страна на Иницијатива на [redacted] не беше одговорено на ова барање на Комисијата.

На 02.09.2021 директорот на ЈЗУ СБ по гинекологија и акушерство "Мајка Тереза" Чаир достави одговор по барањето за изјаснување заверено со архивски број 0801-173/5. Во одговорот е наведено дека од самиот почеток на целата ситуација со Ковид пандемијата, обемот на работа во болницата е многу зголемен и секојдневно расте се повеќе и повеќе. Наведено е дека не е вистинито тврдењето дека е направена дискриминација на пациентот, истата била уредно прегледана од страна на доктор и за истата било потребно да се направат одредени дополнителни анализи за кои е потребно да се чекаат резултати. Дополнително, пациентите кои дошле и кои биле примени пред подносителот на претставката биле пациенти на кои подолг период наназад им се третирала состојбата од страна на доктор [redacted] и кои требало да дојдат на закажан термин во договор со докторот за да се одреди ден кога истите да бидат оперирани и согласно истото тие се примени пред подносителката на претставка. Во одговорот е наведено дека во болницата секојдневно здравствена заштита бараат голем број на пациенти кои не припаѓаат на иста национална етничка припадност, ниту пак не припаѓаат на иста раса, меѓутоа сите се третирани соодветно и еднакво и дека тоа што пациентката почекала подолго не може да сè препише на дискриминација и да не се занемари фактот дека докторот имал голем број на пациенти на кои треба да се посвети за да стаса навремено да пружа здравствена заштита на тие на кои им е потребна. Исто така, во одговорот е доставена и своерачно потпишана Изјава од Др. [redacted] во која што наведува дека кај пациентката биле направени сите потребни испитувања и иследувања по протокол и бил даден соодветен совет и третман согласно нејзината состојба, при што треба да се земе предвид дека пациентката била на преглед во дежурство во склоп на кое истовремено се одвивале и други прегледи, интервенции и операции. Исто така, докторот наведува дека мора да земе во предвид дека постојат пациенти кои во согласност со моменталната состојба во која се наоѓаат може да бидат со приоритет во поглед на другите, и тој како доктор мора да внимава и да ги земе во предвид сите сценарија кои би можеле да се случат доколку на некој пациент не се даде приоритет.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на сите расположливи писмени докази доставени во предметот, констатира дека лицето [redacted] не е ставена во понеповолна положба за разлика од другите пациенти од страна на докторот [redacted] Комисијата има во предвид дека има пациенти кои имаат закажан термин кои што секако имаат предност за преглед и има пациенти кои и покрај тоа што немаат закажан термин истите заради нивната состојба мора да добијат приоритет, а во случајот во самата претставка е наведено дека имало присутни пациентки кои имале породилни болки и согласно истото тие пациенти имаат приоритет. Комисијата исто така го зема во предвид и фактот што во самата претставка пишува дека медицинскиот персонал се потрудил и пружил здравствена заштита на пациентката, а тоа што пациентката почекала подолго се припишува на големиот број на пациенти кои што се обраќаат во здравствената установа за користење на здравствени услуги.

Комисијата при разгледување на претставката констатира дека од страна на Иницијатива на [redacted] од [redacted] е наведено дека [redacted] незадоволна од третманот се упатила кон УГАК на ургентно каде што била соодветно примена и прегледана. Но во изјавата која што не е своерачно потпишана, која што е поднесена како прилог не е наведен таков податок. Исто така, е клучен фактот дека од страна на Иницијатива на [redacted] од [redacted] не е одговорено по Барањето за дополнување на претставката со своерачен потпис на изјавата или полномоштво со што [redacted] би го потврдила целиот настан.

При утврдување на фактичката состојба Комисијата го зема во предвид фактот, дека подносителката почекала подолго за преглед, но причината за тоа е големиот број на пациенти кои чекаат за истите здравствени услуги како и приоритетот кои го имаат лицата со упат и лицата со породилни болки. Комисијата утврди дека подносителката не е доведена во неповолна состојба во однос на друго лице поради својата раса, боја на кожа, национална или етничка припадност.

Во согласност со член 3, 6 и член 27 од Законот за спречување и заштита од дикриминација, од доставените и од прибавените факти и докази Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

ПРЕТСЕДАТЕЛ

Весна Бендевска

Доставено до:

1. [redacted]
2. ЈЗУ СБ по гинекологија и акушерство "Мајка Тереза", Чаир, Ул. Коста Абрашевиќ бр 3, 1000 Ск.